ЛИКОВНА УМЕТНОСТ



# Искра Димитрова и Небојша Вилиќ на Биеналето во Венеција

Ликовната авторка Искра Димитрова, историчарот на уметноста Небојша Вилиќ и скопското студио "Азура" ќе се претстават со заеднички проект на 48. Биенале во Венеција.

Проектот на Димитрова, наречен "Прекрасно суштество", се состои од пренесување мртовечки ковчег со гондола на релација Џардини-Сан Марко-Џардини. Додека вози, гондолиерот говори текст на авторката. Во ковчегот е поставено огледало, по целата површина на дното, во кое се огледува небото.

Небојша Вилиќ се претставува со книга, "каталог" и зборник на текстови за уметноста во Македонија во последните неколку години. Студиото "Азура" ќе отпечати Коверт на Првиот Ден, кој како филателистички објект ќе ја одбележи презентацијата.

Изведбата на проектот ќе може да се види од 9 до 13 јуни од 10 до 16 часот.